<u>Обука по француски јазик за планинарски водичи од Република Македонија</u>

Формулар за пријавување

Пријавите ќе ги разгледува комисија за избор составена од еден претставник на Амбасадата на Франција, еден претставник на Француската Алијанса во Тетово, еден претставник на Организацијата на планинарски водичи на Република Македонија и еден претставник на *CRET*.

*<u>Контекст</u>*

Голем број љубители на пешачењето доаѓаат од Франција и франкофонските земји (дури 6 милиони Французи) и тие се потенцијално заинтересирани за Македонија како туристичка дестинација.

Како посредник помеѓу земјата и посетителот, планинарскиот водич е важен елемент за развојот на планинскиот туризам. Но, никој од македонските планинарски водичи не зборува француски, поради што е потребен и преведувач, а оттука се зголемува и цената на планинарската тура. Затоа, франкофонскиот водич би имал повеќе можности да биде ангажиран и би бил подобро платен.

*<u>Педагошка цел</u>*

Нивото на оваа обука се однесува за **почетници** по француски јазик. Групата задолжително ќе биде составена од 5 водичи.

На крајот од обуката, кандидатите ќе треба да бидат во можност да водат едноставен разговор на француски јазик, да даваат конкретни информации (практични информации, анимирање за време на екскурзиите и безбедност) на туристичките групи.

*<u>Организација на обуката</u>*

Обуката се состои од два дела :

1. Сесија за интензивен курс во траење од еден месец (од 15 октомври до 15 ноември 2012)

2. Сесија за екстензивен курс во траење од 20 недели (јануари - јуни 2013)

Ќе бидат обезбедени и часови по стандарден и специјализиран француски јазик од областа на туризмот и планинарството.

*Интензивен курс*

Оваа сесија ќе биде организирана во траење од 4 недели, 5 дена неделно, по 6 часа на ден, значи 120 наставни часови.

Распоред : 9ч – 12ч ; 14ч - 17ч. Исто така, можно е да се организира настава на терен (доколку се потврди)

*Екстензивни курсеви*

Ова сесија треба да им овозможи на кандидатите за водичи да го утврдат стекнатото знаење и да продолжат да се усовршуваат.

Распоред : 2ч неделно, односно 1 x 2ч или 2 x 1ч (ќе биде прилагодено на работните часови на водичите, особено за време на зимската сезона).

*<u>Поддршка</u>*

**Забелешка. Амбасада на Франција ги покрива единствено трошоците за обуката. Никакви други трошоци (транспорт, сместување, итн) не се поддржани.**

*<u>Апликации</u>*

Кандидатот треба да ги достави следниве документи :

- Диплома за водич

- CV во коешто детално се опишува работното искуство како водич

- Мотивациско писмо

- Кандидатот се обврзува дека ќе ја следи обуката до нејзиното завршување : во случај да се откаже во текот на обуката, кандидатот треба да го плати трошокот за истата (250 евра за интензивните курсеви, 80 евра за екстензивните курсеви). Во прилог е модел што треба своерачно да се препише.

Модел за обврска – своерачно да се препише и да се потпише

Јас, долупотпишаниот (*име, презиме*), со живеалиште на (*адреса*), роден на (*датум на раѓање*) во (*место на раѓање*), се обврзувам да ја следам до нејзиното завршување обуката по француски јазик за којашто се пријавувам денес, како што е опишано во формуларот за пријавување во прилог, а којашто се состои од интензивна сесија во траење од еден месец и екстензивна сесија во траење од 20 недели. Доколку се откажам во текот на обуката и не ја следам (со исклучок на здраствена состојба, потврдена со лекарско уверение за целосно прекинување на работата за повеќе од 5 дена за време на интензивната сесија или за повеќе од 20 дена за време на екстензивната сесија), се обврзувам да ја надоместам на Француската Алијанса во Тетово цената на обуката (250 евра за интензивната обука, односно 80 евра за екстензивната обука).

Во (*место*), на (*датум*), за сите правни намери и цели

(*име, презиме и потпис*)